*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на | Број 16 | |
| Општината Штип | 12 декември 2005 година | ГОДИНА XLII |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |


261.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ
## ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за линиски превоз на патници во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2512/2
12 декември 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

262.

Врз основа на членовите 7 став 1 точка 2 алинеја 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ", број 68/04), член 3 точка 5 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ", број 45/97) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 9 декември 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ
# ВО ОПШТИНА ШТИП

## I. Општи одредби

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува лини скиот превоз на патници во Општина Штип.

Линискиот превоз на патници во Општина Штип се организира како градски и приградски превоз.

"Градски превоз", во смисла на став 2 од овој член, е линиски превоз што се врши на линии на урбанизираното подрачје на градот (во понатамошниот текст - градски линии).

"Приградски превоз", во смисла на став 2 од овој член, е линиски превоз што се врши на подрачјето на градот и неговата околина и е наменет за дневна миграција меѓу град и населби што гравитираат кон него и претставуваат целина (во понатамошниот текст - приградски линии).

### Член 2

Општина Штип го уредува линискиот превоз на патници при што особено утврдува:

1. Мрежа на линии и нивни основни елементи согласно со потребите на Општината, начинот на одржување и фреквенција на истите;
2. Возниот ред, начинот на неговото истакнување, одржување и менување согласно со потребите на Општината.
3. Начинот на организирање на контрола на сообраќајот на автобусите и линиите и евиденција за тоа;
4. Тарифен систем и систем на наплата;
5. Начинот на обезбедување на сигурност на превозникот од аспект на следење на потребите на Општината и потребните превозни капацитети;
6. Локација на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта и постапка за нивна измена;
7. Изградбата, обележувањето, опремувањето, одржувањето и користењето на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта;

8. Одредување релација и место на превоз со комбе возило со најмногу девет седишта (8+1);
9. Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозвола за вршење на општинскиот линиски превоз;
10. Критериуми за начинот и постапката за распределување на линиите;
11. Инспекциски надзор и
12. Казнени одредби.

Член 3

За превозот на патници што се врши на релации меѓу населени места на ново настанатата општина Карбинци и Општина Штип од која истите произлегле, општините можат да склучат Спогодба за заедничко организирање на овој вид на превоз во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

## II. Мрежа на линии согласно на потребите на Општина Штип, начинот на одржување и фреквенција на истите

Член 4

Мрежата на градските и приградските линии ја утврдува Советот на Општина Штип на предлог на Одделението за комунални дејности.

Превозниците, месните заедници и други правни лица можат да иницираат отварање на нови линии што не се содржани во мрежата на градските линии, продолжување или скратување на постојните градски линии.

За отварање на нови, продолжување, скратување и укинување на постојните градски линии одлучува Советот на Општина Штип на предлог на Одделението за комунални дејности, ако се исполнети неопходните сообраќајно-технички и економски услови.

Член 5

Линијата во градскиот и приградскиот превоз на патници има свој број и назив.

Називот на линијата се означува со името на почетно-крајното стојалиште.

Бројот и називот на линијата се поставува на возилото, на автобуските стојалишта и автобуските свртувалишта.

Член 6

Мрежата на линии во Општина Штип ќе се утврди со посебна Одлука.

Член 7

Општинскиот линиски превоз на патници се врши со единечни автобуси, кои ги исполнуваат техничките стандарди за вршење превоз на патници.

По исклучок, таму каде што техничко-експлоатационите услови на патот не го овозможуваат тоа, превозот може да се врши и со комбе возило со најмногу 9 седишта(8+1) кои ги исполнуваат техничките стандарди за вршење превоз на патници.

Член 8

Бојата на автобусите е слободна.

Член 9

Бројот и називот на автобуската линија е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо и арапски бројки. Бројот и називот на автобуската линија се поставуваат од внатрешната страна над предното стакло во просторот направен за истакнување, и на десната бочна страна, до предната и задната врата со пропишана димензија и осветлени.

Член 10

Автобусите во внатрешноста на возилото треба да имаат натписи и ознака за информирање на патниците и тоа:

1. Бројот на регистрирани места за седење и стоење,
2. Натпис и ознака "Забрането пушење",
3. Натпис со содржина "седиштата првенствено се наменети за инвалиди, мајки со мали деца и стари луѓе,
4. Натпис со шематски приказ на почетното, крајното и попатните стојалишта на линијата.

Натписите се напишани на македонски јазик со кирилско писмо.

**III. Возниот ред, начинот на неговото истакнување, одржување, одржување и менување согласно на потребите на Општината Штип**

Член 11

Возниот ред содржи: број и назив на линијата, почетно-крајните стојалишта, времето на доаѓање и поаѓање на возилата на почетно-крајните стојалишта и рок на важење.

Член 12

Возниот ред го регистрира градоначалникот на Општината Штип.

За регистрираниот возен ред на превозникот му се издава решение (дозвола).

Возниот ред и линијата се регистрира на име на превозникот и не може да се пренесува на друг превозник.

Возниот ред заради реализација го доставува до секој превозник.

Возниот ред го истакнува превозникот во возилото.

Член 13

Превозникот е должен линиите да ги одржува согласно регистрираниот возен ред.

При реализација на возниот ред на секоја линија превозникот е должен да застанува само на автобуските стојалишта утврдени со оваа одлука.

Член 14

Во текот на возењето според возниот ред, превозот на определена линија може привремено да биде запрен поради прекинување на сообраќајот од виша сила.

Превозникот е должен за привремено запирање на линијата веднаш да го извести Одделението за комунални дејности.

Превозникот доколку не е во можност редовно да ја одржува линијата, должен е најмалку 7 дена пред откажување на одржување на линијата, да го извести Одделението за комунални дејности.

Член 15

При вршењето на општинскиот линиски превоз на патници превозникот е должен во автобусот да има лиценца и регистриран возен ред во оригинален или заверен препис од органот што ја издал.

## IV. Начин на организирање на контрола на сообраќајот, автобуските линии и евиденција за тоа

Член 16

Контролата на сообраќајот на автобусите и линиите ја врши превозникот преку сопствената служба за контрола како и овластен инспектор за патен сообраќај на Општината Штип.

## V. Тарифен систем и систем на наплата

Член 17

Во општинскиот линиски превоз се утврдува единствен тарифен систем.

Член 18

Превозникот во општинскиот линиски превоз е должен на секој патник да му издаде возен билет.

Возниот билет содржи сериски број, назив на превозникот, цена на превозот и фискална сметка.

Член 19

За превозните услуги превозникот може да издава и претплатни билети (дневни, тродневни, неделни, месечни и годишни).

Член 20

Ценовникот го донесува превозникот по претходна согласност на Советот на Општината.

Цената на превозот од став 1 на овој член се формира врз основа на методологија на општествени признати трошоци, со кои се обезбедува проста репродукција во вршењето на дејноста.

Методологијата ја донесува превозникот, а се заснива на стандарди за потрошувачка и реални трошоци, а ја одобрува Советот на Општината.

## VI. Начинот на обезбедување на сигурност на превозникот од аспект на следење на потребите на Општината и потребните превозни капацитети

Член 21

Сигурноста во вршење на превозот на патници и обезбедување на функционирање на системот како техничко-технолошка целина, како и трајно и непрекинато вршење на превозот обезбедува превозникот.

Член 22

Превозот на патници во Општина Штип можат да го вршат јавни претпријатија и други физички и правни лица со дозвола за вршење на дејноста (во понатамошниот текст: превозници).

Дозволата од став 1 на овој член ја издава градоначалникот на Општината Штип.

Член 23

Продолжување на договорот се врши на секои 2 години.

Договорот ќе биде продолжен од страна на давателот на дозволата за наредниот период, ако превозникот линиите ги одржувал согласно на одредбите на постојните позитивни важечки законски прописи и потребите на градот, доколку не настанат законски и други промени во општинскиот линиски превоз на патници.

## VII. **Локација на автобуски стојалишта и постапка за нивна измена**

Член 24

Автобуските стојалишта на подрачјето на Општина Штип ги определува Советот на Општината.

Графичкиот приказ на автобуските стојалишта е составен дел на оваа Одлука.

Член 25

Одделението за комунални дејности може да му предложи на Советот на Општината Штип отварање на нови, укинување или преместување на постојно автобуско стојалиште, ако е тоа во интерес за подобра организација на превозот и безбедноста на сообраќајот.

## VIII. **Изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските стојалишта**

Член 26

Изградбата, обележувањето, опремувањето, одржувањето и начинот на користење на стојалиштата во општинскиот линиски превоз на патници го врши Општина Штип.

Член 27

Автобуските стојалишта се обележуваат со табла.

Таблата од став 1 на овој член содржи: натпис на автобуското стојалиште и свртувалиште како и други натписи што служат за известување на патниците (возен ред и сл.).

Таблата од став 1 на овој член се истакнува на видно место на самото автобуско стојалиште.

Коловозната површина на автобуското стојалиште и свртувалиште, наменета за застанување на автобусите, се обележува со стандардната ознака БУС со жолта буква напишана со латинично писмо.

Член 28

Опремата на автобуските стојалишта под услови и во согласност на Одделението за комунални дејности може да се користи за реклама, пропаганда и известување.

Член 29

Опремувањето на стојалиштата го врши Општината.

Член 30

Автобуските стојалишта треба да имаат:

1. настрешница за заштита на патниците од атмосферски влијанија, изработена од погоден материјал,
2. број и назив на линиите што поаѓаат, доаѓаат и поминуваат и
3. шематски приказ на мрежата на линии.

Автобуските стојалишта и свртувалишта можат да имаат:

1. урбана опрема,
2. рекламни паноа и
3. други содржини.

Член 31

Превозниците учествуваат во покривањето на трошоците за изработка и одржување на објектите на урбаната опрема, со процентот со кој учествуваат во реализацијата на единствениот возен ред и мрежата на линии.

Член 32

Превозникот кој има дозвола за вршење општински линиски превоз на патници во Општина Штип плаќа надоместок за користење на автобуското стојалиште која ја одредува Советот на Општината Штип.

## IX. Одредување релација и место на превоз со комбе возило со најмногу 9 седишта (8+1)

Член 33

Во приградските населени места во кои Општина Штип има организирано линиски превоз на патници, неможе да се врши превоз на патници со комбе возило.

Член 34

Превозникот на комбе возило ќе врши превоз на патници на релација од населените места каде што не е организиран општински линиски превоз на патници до и од најблиското приградско стојалиште или свртувалиште.

## X. Критериуми за распоредување на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз

Член 35

Општински линиски превоз на патници на територијата на Општината Штип можат да вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на ваков превоз.

Лиценцата за линискиот превоз на патници на територијата на Општината Штип ја издава градоначалникот на Општината Штип.

Лиценцата од став 1 на овој член има важност од 4 години.

Член 36

За добивање на лиценца за вршење на општински линиски превоз на патниците, покрај другите услови за вршење на дејноста, превозникот треба да ги исполнува следните услови:

- да е впишан во трговскиот регистар за вршење на превоз во патниот сообраќај и да има решение за претежна дејност за општински линиски превоз;
- да има во сопственост, едно или повеќе возила кои ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови за градскиот и приградскиот превоз;
- да има вработено возачи во зависност од бројот на возилата (автобуси и комби возила 8+1) што ги исполнуваат условите предвидени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има успешно поминато проверка за професионална компетентност;
- да не е во сила правосилна пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај;
- да има во сопственост капацитет за паркирање и одржување на автобусите или доказ за користење на таков капацитет, со рок на важење од најмалку 4 години;
- во возилото за вршење на општинскиот линиски превоз на патници да има вградено фискален апарат.

Член 37

Градоначалникот на Општината Штип може да му ја одземе лиценцата за општинскиот линиски превоз на превозникот ако утврди дека:

- превозникот повеќе не исполнува некои од условите од член 35 на оваа одлука за добивање на лиценца,
- врши превоз спротивно на издадената лиценца,
- превозникот престане со вршење на дејноста во патниот сообраќај.

Член 38

Распределбата на линиите, доколку има повеќе превозници, го врши комисија од 3 члена формирана од градоначалникот на Општината Штип.

При распределбата на линиите комисијата ќе води сметка за следното:

1. Предлог за доделување на линиите да имаат поднесено превозници со седиште во местото на поаѓање.
2. Ако има повеќе превозници кои имаат седиште во местото на поаѓање, во тој случај право на предност има превозникот кој ги исполнува критериумите според следниот редослед:
   - цена на првозот,
   - има поголем број сопствени регистрирани автобуси,
   - најниска просечна старост на автобусите,
   - соодветен стручен кадар за квалитетно одржување и поправка на автобусите како и за квалитетно вршење на превозот и
   - најдолго време врши јавен превоз на патници,
   - поседува поголем број на ЕКО возила - ЕУРО-2.

## XI. **Надзор**

Член 39

По распределбата на линиите, превозникот кој добил соодветен број линии може да отпочне со вршење на превозот откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определената линија.

Дозволата и возниот ред од став 1 ги издава градоначалникот со важност од 4 години.

Член 40

Инспекциски надзор над примената на одредбите на оваа Одлука врши овластен инспектор за патен сообраќај на Општината Штип.

Член 41

Превозниците во општинскиот линиски превоз на патници, се должни на овластениот инспектор за патен сообраќај на Општината Штип да му овозможат вршење на инспекциски надзор, да му даваат потребни известувања и да му ја оставаат на увид потребната техничка и друга документација.

XII. **Казнени одредби**

Член 42

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

**XIII. Преодни и завршни одредби**

Член 43

Превозниците кои вршат превоз на патници во градскиот и приградскиот сообраќај од Општина Штип, должни се да го усогласат своето работење со одредбите на оваа Одлука во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на истата.

Член 44

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува важењето на одредбите од Одлуката за комунален ред на Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 3/99-пречистен текст и 4/02) кои се однесуваат на јавниот приградски превоз - точка 13 од Одлуката.

Член 45

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2512/1
9 декември 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

263.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА ОЏАЧАРСКИТЕ УСЛУГИ

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на висината на цената на оџачарските услуги што ги врши ЈП "Исар"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2513/2
12 декември 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

264.

Врз основа на член 27 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ", број 45/97, 45/02 и 16/04) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 9 декември 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА ОЏАЧАРСКИТЕ УСЛУГИ

## Член 1

Се дава согласност на висината на цената на оџачарските услуги што ги врши ЈП "Исар"-Штип и тоа:

- за индивидуални станбени згради 300 денари (за еден оџак)
- за станбена зграда - 1.000 денари (за еден оџак).

## Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2513/1
9 декември 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

265.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2514/2
12 декември 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

266.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 9 декември 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 1

Од буџетот на Општината Штип за 2005 година конто 463110/АО-Трансфери "Здруженија на граѓани" се доделуваат финансиски средства:

1. На Карате клубот "Македонка"-Штип:
- за учество на Меѓународниот натпревар во Требовле - 30.000 денари
2. На Карате федеарцијата на Македонија
   - за учество на Светското првенство во Кипар - 30.000 денари
3. На БК "Балканец" - Штип - 20.000 денари.
4. На Државната спортска федерација за кик бокс - 15.000 денари.
5. На Карате клубот "Партизан" - 10.000 денари

Средствата од точка 1 ќе се исплатат доколку се достави доказ за учество.

### Член 2

Од буџетот на Општината Штип за 2005 година конто 442170/АО "Културно уметнички манифестации" се доделуваат финансиски средства на Педагошкиот факултет "Гоце Делчев"-Штип во износ од 30.000 денари.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2514/1/1
9 декември 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

267.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНАТА ШТИП ВО ПРОЕКТОТ "ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИОТ ПАЗАР И ОКОЛНИОТ ПАРК" ПОДДРЖАН ОД УНДП

I

Се објавува Одлуката за финансиско учество на Општината Штип во проектот "Инфраструктурно уредување на зелениот пазар и околниот парк" поддржан од УНДП.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2515/2
12 декември 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

268.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 9 декември 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНАТА ШТИП ВО ПРОЕКТОТ "ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИОТ ПАЗАР И ОКОЛНИОТ ПАРК" ПОДДРЖАН ОД УНДП

## Член 1

Проектот "Инфраструктурно уредување на зелениот пазар и околниот парк" поддржан од УНДП е со вкупна вредност од 2.914.566 денари.

Општината Штип во реализацијата на проектот ќе учествува со сопствено учество од 31% или со 903.016,00 денари.

## Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од ребалансот на буџетот на Општина Штип за 2005 година.

## Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2515/1
9 декември 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

269.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВАТА 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за донесување и финансирање на Програмата за одбележување на Новата 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2516/2
12 декември 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

270.

Врз основа на член 48 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 9 декември 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВАТА 2006 ГОДИНА

Член 1

Се донесува Програмата за одбележување на Новата 2006 година што е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Средствата во износ од 200.000,00 денари за реализирање на програмата ќе се обезбедат со ребалансот на буџетот на Општината Штип, конто 442170/АО - Културно уметнички манифестации.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2516/1
9 декември 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 261. | Решение за објавување на Одлуката за линиски превоз на патници во Општина Штип | 360/16 |
| 262. | Одлука за линиски превоз на патници во Општина Штип | 361/16 |
| 263. | Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на висината на цената на оџачарските услуги | 369/16 |
| 264. | Одлука за давање согласност на висината на цената на оџачарските услуги | 370/16 |
| 265. | Решение за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства | 371/16 |
| 266. | Одлука за доделување финансиски средства | 372/16 |
| 267. | Решение за објавување на Одлуката за финансиско учество на Општината Штип во проектот "Инфраструктурно уредување на зелениот пазар и околниот парк" поддржан од УНДП | 373/16 |
| 268. | Одлука за финансиско учество на Општината Штип во проектот "Инфраструктурно уредување на зелениот пазар и околниот парк" поддржан од УНДП | 374/16 |
| 269. | Решение за објавување на Одлуката за донесување и финансирање на Програмата за одбележување на Новата 2006 година | 375/16 |
| 270. | Одлука за донесување и финансирање на Програмата за одбележување на Новата 2006 година | 376/16 |